# 8. ПОДАТОЦИ ЗА УТВРДЕНИТЕ ШТЕТНИ МАТЕРИИ И ПРЕСМЕТКА НА КОЛИЧЕСТВОТО НА ОТПАДНИТЕ ГАСОВИ И ЕМИСИОНОТО КОЛИЧЕСТВО НА ПОЛУТАНТИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Анализата на податоците дадени во ова поглавје е вршена имајќи ги предвид податоците од извршените мерења на квалитетот на отпадните гасови од тунелската печка, како и од мерењата на одредени физички параметри на овие гасови.

Извршени се мерења на отпадните гасови (хемиски состав, содржина на прашина, проток, температура и др.) од тунелската печка и резултатите се дадени во Табела I. Врз основа на податоците добиени од мерењето на концентрацијата на одредени полутанти, концентрацијата на кислородот и волуменскиот проток на отпадните гасови пресметан е масениот проток. Овој податок е исто така важен за оценка на степенот на загадувањето на воздухот од фабриката ИГМ "Пролетер".